Здружение на новинарите на Македонија (ЗНМ)

# ЗАБЕЛЕШКИ

на Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги објавен на 08.04.2013 година, предлагач Министерството за информатичко општество и администрација

Скопје
Мај 2013, Скопје

*СОДРЖИНА*

ВОВЕД........................................................................................................................... 2
Иницијативата на Нацрт-законот е во спротивност со договореното од дијалогот ........................... 2
Нацрт-законот е во спротивност со Патоказот.......................................................................... 2
Отсуствува анализа на влијанието ............................................................................................ 3
Неусогласеност со барањата на ЕУ ........................................................................................... 3
Отсуство на јавна дебата и образложение за потребата.............................................................. 4
Нема решенија за забелешките на Европската комисија............................................................. 4
Слободата на изразување е гарантирана со Уставот................................................................... 5
Етиката не може да биде закон ................................................................................................ 5
Не смее да се ограничат изворите на информации на новинарите............................................. 6
Не треба регулација за печатените и интернет медиумите ......................................................... 6
Да се вгради Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската унија ...................... 7
Нема решение за владините кампањи ....................................................................................... 7
Нема единствен регулаторен режим за сите медиуми.................................................................. 7
Конфузни дефиниции ............................................................................................................... 8
Спорен концепт на Агенцијата за медиуми ................................................................................ 10
Нема решенија за проблемите на МРТ....................................................................................... 12
Овој процес беше имплементиран во неколку фази и тоа: ........................................................... 25



# ВОВЕД

## Иницијативата на Нацрт-законот е во спротивност со договореното од дијалогот

Иницијативата на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) за донесување закон за медиуми е во спротивност со ставовите на Работната група на Владата на РМ и ЗНМ за подобрување на медиумската легислатива. На состанокот на Работната група, одржан на 5 декември 2011 година, заклучено е дека сегашната медиумска легислатива ќе се надополни со Европската директива за аудиовизуелни услуги и со препораките на Советот на Европа. Освен тоа, на 24 февруари Работната група побара од министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски да го претстави текстот на Нацрт-законот пред членовите на Работната група, каде потоа требаше да се утврди дали има потреба за донесување на таков закон. После 9 месеци, на друга средба на Работната група, министерот за информатичко општество и администрација Иво Ивановски вети дека текстот на Нацрт-законот ќе се објави во рок од 10 дена. Поради непочитување на претходно договореното, начинот на подготовка на законот, опфатот, содржината на понудениот текст на законот за Здружението на новинарите на Македонија се целосно неприфатливи.

## Нацрт-законот е во спротивност со Патоказот

Оваа законска иницијатива е во спротивност и со Патоказот за реализација на приоритетните цели за 2012 година усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, усвоен од Владата на РМ, кој во делот I, кој се однесува на слободата на изразување и професионални стандарди, се обврзува дека: *„со цел транспарентно и отчетно трошење на буџетските средства на институциите ќе се разгледа можноста во законските решенија кои се во насока на усогласување на македонското законодавство со препораките и стандардите на Советот на Европа, препораките на Европската комисија и усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги во однос на медиумското работење да се предложи одредба со која доколку државните тела имаат предвидено средства во сопствениот буџет за информирање и запознавање на јавноста со своите услуги или активности, должни се средствата да ги реализираат на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин, на начин и во постапка согласно Законот за јавни набавки“.*

## Отсуствува анализа на влијанието

Според Иницијалната проценка на влијанието на Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, изготвена од МИОА, во делот РИЗИЦИ И ПРЕТПОСТАВКИ (стр. 14) воочливо е дека Министерството нема анализи за влијанието за разни општествени состојби. Види табела за останати влијанија:

| Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата | | Анализи приложени во прилог |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | ДА | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | ДА | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | ДА | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

## Неусогласеност со барањата на ЕУ

Исто така, МИОА во овој документ се повикува на тоа дека донесувањето на новиот закон за медиуми е дел од Претпристапниот дијалог на политичко ниво и недонесувањето на истиот може да предизвика неисполнување на преземената обврска од Претпристапниот дијалог за преговори на РМ за идното членство во ЕУ (стр.14). Ваква обврска Владата нема преземено во Патоказот. Во досегашните консултации на претставниците на ЗНМ со Делегацијата на ЕУ во Скопје јасно е посочено дека единствен услов е имплементацијата на Европската директива за аудиовизуелни услуги.



## Отсуство на јавна дебата и образложение за потребата

Секоја иницијатива за нова регулатива, особено ако е од сферата на медиумите, од самиот почеток, мора да обезбеди максимум јавност и отвореност и јасна дефинираност и вклученост на сите страни. Сите учесници во јавната расправа мора да имаат ист статус, што е одговорност на оној што ја иницира и ја води јавната расправа. Затоа, Министерството е должно анализата на ТАИЕКС експертот Сандра Хрватин Башиќ да ја сподели со јавноста.

Загрижува начинот како надлежното министерство ја води јавната расправа по текстот на Нацрт-законот. Овој пристап не обезбедува вклученост на сите субјекти, заедничка јавна дебата за отворените прашања која се потпира врз аргументи и отвореност и желба да се сослушаат сите спротивни мислења и потреби на новинарската заедница.

Процесот на јавна расправа за еден закон не може да се сведе на објавување на законскиот текст и прибирање на мислења во писмена форма, од кои Министерството без образложение ќе одлучи што за него е прифатливо, а што не. Новиот законски текст мора да произлезе од транспарентна, аргументирана и сеопфатна дебата со новинарската заедница, експертската јавност и други засегнати страни. Во спротивно, новиот закон нема да го има неопходниот легитимитет.

Доказ дека Владата на РМ има проблем да ја оправда потребата од донесување на овој закон е отсуството на образложение.

## Нема решенија за забелешките на Европската комисија

Една од причините поради која МИОА инсистира на донесувањето на законот е потребата да се постапува по забелешките на Европската комисија изнесени во годишните извештаи за прогресот на Македонија. Во содржината на законот, за ниедна од забелешките на ЕУ нема понудено решение. Најсериозна забелешка на ЕУ за слободата на изразувањето е дека медиумите работат под силен политички и економски притисок. Во текстот на Нацрт-законот нема ниту еден член во кој се прави обид да се спречи овој вид притисок врз медиумите. Владините кампањи се, исто така, нотирани во извештаите преку кои Владата влијае врз уредувачката политика на медиумите. Иако, Владата во Патоказот се обврза да воспостави критериуми за владиното рекламирање, такви решенија во овој нацрт не се понудени.

Постојана загриженост ЕК изразува за политичкото влијание врз работата на регулаторното тело, Советот за радиодифузија. Посебно критични беа поради измените на Законот за измена и дополнување на Законот за радиодифузна дејност од 2012 со кои беше проширен составот на членовите на Советот од 9 на 15.



Ваквата интервенција, Европската унија ја сметаше како зголемување на зависноста на регулаторот од политиката. Во понуденото решение, не само што не се води сметка за овие забелешки, туку се оди во спротивен правец, се зголемува политичкото влијание врз идното регулаторно тело - Агенција за медиуми.

Македонската радио-телевизија во континуитет е присутна во извештаите на ЕК. Во нив се констатира дека МРТВ не ја исполнува мисијата на јавен сервис на граѓаните и дека отсуствува одржливо финансирање. Нацрт-законот, иако навидум создава впечаток дека има многу измени во делот на МРТВ, сепак, предлагачот не се занимава со вистинските проблеми со кои се соочува јавниот сервис, а тоа е обезбедување на независна уредувачка политика и одржливо финансирање.

Во извештаите на ЕК се потенцира присуството на широко распространетата самоцензура меѓу новинарите и непочитувањето на нивните работнички права. Нацрт-законот без успех се обидува да одговори на овие проблеми.

# ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

## Слободата на изразување е гарантирана со Уставот

Во законот не треба да се дефинира слободата на изразување, бидејќи таа е јасно дефинирана во Уставот во член 16 и во членот 10 од Европската конвенција за човекови права и слободи (ЕКЧП).

## Етиката не може да биде закон

Етичките норми на новинарството не треба да се дел од овој закон и треба да се остават на саморегулацијата. Овие одредби навидум изгледаат дека се во полза на новинарите, меѓутоа, во секојдневното работење може да предизвикаат големи проблеми. Државата има легитимно право највисоки етички норми да бара од Јавниот сервис. За да се постигне тоа, најдобро би било Јавниот сервис да биде обврзан да донесе свој етички кодекс, а Програмскиот совет да избере омбудсман кој би се занимавал со поплаки од етичка природа кои би доаѓале од јавноста или од Јавниот сервис.
Обврската дека пред именувањето или разрешувањето на одговорниот уредник, издавачот на медиум и давателот на аудиовизуелна медиумска услуга е должен да побара мислење од уредништвото, а уредништвото е должно мислењето да го достави во рок од пет дена од денот на приемот на барањето, е мешање во работата на приватните медиуми.
Неносењето на општиот акт со кој се уредуваат прашања поврзани со работата на медиумот треба да е обврска само на радиодифузерите кои користат јавни ресурси и имаат големо влијание кај публиката.

Дефиницијата новинар е конфузна и не е јасна потребата. Обидот да се користи дефиницијата од Препораката на Комитетот на министри на Советот на Европа бр. R (2000) 7 е несоодветно, бидејќи оваа формулација се користи исклучиво во случаи кога новинарите имаат право да не ги откриваат изворите на информации. За ЗНМ ваквиот пристап за дефинирање на новинарската професија е неприфатлив, бидејќи претставува заобиколен пат за лиценцирање што е вообичаена пракса за земји со низок степен на слобода на изразување.

## Не смее да се ограничат изворите на информации на новинарите

Законот не смее да им наметнува обврска на медиумите да се повикуваат на податоци од домашни надлежни институции и организации при пренесувањето на сервисни информации за временска прогноза, состојба на патишта и за други информации кои можат да влијаат врз секојдневниот живот на граѓаните. Ова треба да отпадне, бидејќи новинарите се обврзани да ги проверуваат сите податоци, дури и кога тие доаѓаат од надлежни институции.
Обврската да се објавуваат информации во случај на воена состојба или непосредно загрозување на независноста и суверенитетот на Република Македонија, големи природни непогоди, техничко-технолошки и еколошки несреќи и епидемии кога постои опасност за животот и здравјето на луѓето, сигурноста на земјата, како и јавниот ред и мир, треба да се регулира со посебни закони и јасно да се дефинираат условите, кога, како и од кој државен орган се прогласуваат вакви состојби. Слободата на изразувањето треба да биде правило, а ограничувањето е исклучок. Секое ограничување на слободата на изразувањето треба да биде неопходно и пропорционално во едно демократското општество согласно судската пракса од Судот за човекови права во Стразбур.

## Не треба регулација за печатените и интернет медиумите

Печатените и Интернет медиумите треба да останат надвор од овој закон. Општо прифатен стандард во развиените демократии е дека помала регулација значи поголема слобода на медиумите. Опфатот на Нацрт-законот за медиуми е многу поширок од прашањата што се регулираат со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската унија (АВМС) со која треба да се усогласи македонското законодавство. Имено, со Директивата се регулираат содржините на традиционалните телевизиски сервиси (линеарни ТВ-сервиси), а се воведува и делумна (поблага) регулација на содржините на телевизиските сервиси кои ќе се пренесуваат „на барање“ преку нови технологии на пренос (нелинеарни ТВ-сервиси).



## Да се вгради Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската унија

Со Нацрт-законот за медиуми се прави обид да се имплементираат одредбите од АВМС Директивата што е позитивно, меѓутоа, има и одредени пропусти каде што Директивата несоодветно се имплементира.

Дефинициите за поимите „рекламирање“ и „комерцијална комуникација“ се усогласени со оние во Директивата, но содржат и одредба која ја нема во Директивата и која не е доволно јасна. Станува збор за член 3, точка 22 за аудио или аудиовизуелни комерцијални комуникации и 26 за рекламирање, алинеја 2 каде стои дефиниција: *„За популаризација на некоја идеја или активност или за постигнување друг ефект“.* Доколку е намерата со оваа дефиниција да се опфати рекламирањето кое се однесува на кампањи од јавен интерес, тогаш тоа треба да се прецизира многу појасно што се кампањи од јавен интерес.

Исто така, во одредбите кои се однесуваат на рекламирањето на аудиовизуелните сервиси, **политичкото рекламирање** надвор од периоди на изборна кампања треба целосно да се забрани, затоа што тоа има негативно влијание врз независноста на уредувачката политика на медиумите и врз состојбата на новинарството.

## Нема решение за владините кампањи

Од истата причина треба да се уреди и прашањето на **владините кампањи и огласувања во медиумите**. Мора да се дефинира што е кампања од јавен интерес, секоја јавна институција да ги декларира средствата во годишниот буџет што има намера да ги троши за таа намена, и секако да се предвидат јасни критериуми за распределба на владините кампањи. Ако овие кампањи остануваат надвор од законско уредување, тогаш се отвора можност Владата со јавни средства да влијае врз уредувачката политика на медиумите и да ги нарушува односите на пазарот.

Исто така, иако Директивата не предвидува регулацијата да се прошири на печатените и Интернет медиумите, непотребно се внесуваат и такви одредби. Покрај тоа, надлежностите на сегашниот Совет за радиодифузија (идна Агенција за медиуми) се прошируваат и на печатените медиуми и електронските публикации.

## Нема единствен регулаторен режим за сите медиуми

Од независноста на Македонија досега, печатените медиуми, иако не беа регулирани со закон, одиграа значајна улога во развојот на демократијата,

културата на читањето, промовирањето на плурализмот на идеи, развојот на јазикот итн. Наспроти ова, со појавата на Интернетот, печатените медиуми се повеќе губат од своето влијание, им се намалува тиражот и приходите. Сведоци сме дека во последно време се затворија многу весници и неделници. Весниците кои опстојуваат на пазарот својот излез го бараат на Интернет, но големата конкуренција која постои во оваа глобална мрежа не ги зголемува приходите. Голем дел од весниците сега рекламите кои ги добиваат за печатените изданија, бесплатно ги објавуваат во своите Интернет изданија. Претплатата на електронските изданија дава надеж, но сепак најголемиот број Интернет корисници ги преферираат бесплатните содржини кои ги има во изобилство. Печатените медиуми не користат никаков јавен ресурс и претставуваат приватен бизнис. Граѓаните сами одлучуваат кој печатен медиум ќе го купат на продажните места. Печатените медиуми се регистрирани трговски друштва и секогаш во своите изданија објавуваат импресум. Од друга страна, Интернетот е глобална мрежа, така што не е возможно да се дефинира што е тоа "македонски" Интернет. Интернетот не е јавен ресурс и секој Интернет медиум е глобален медиум без разлика на јазикот кој се користи и темите што ги обработува. Интернет медиумите во последните неколку години го зголемија своето влијание во јавноста, но сепак ова влијание е далеку од влијанието што го имаат телевизиите. Фирмите се уште издвојуваат многу малку пари за рекламирање во Интернет медиумите во Македонија и ги преферираат традиционалните медиуми. Заштитата на младата публика од несоодветни содржини кои можат да се најдат на Интернет е легитимна цел, и тоа се постигнува многу лесно. Потребно е само да се подигне свеста на родителите дека постои бесплатен софтвер за ограничување на пристапот до несоодветни содржини на Интернет за нивните деца.

## Конфузни дефиниции

Законодавецот дава една конфузна дефиниција за електронска публикација која гласи: **Електронски публикации** се уредувачки обликувани програмски содржини кои се објавуваат на Интернет веб страници достапни за пошироката јавност без оглед на нивниот обем. Како електронски публикации не се сметаат електронските верзии на печатот кој се издава, Интернет блогови, форуми, социјални мрежи, пребарувачи и слично.

Уште поконфузна е дефиницијата за издавач на електронска публикација:

**Правно или физичко лице може во Република Македонија да основа и да се впише во Централниот регистар како издавач на електронски публикации доколку има седиште и уредништво во Република Македонија.**

**Овие две дефиниции предизвикаа големи дебати во јавноста кој се треба да биде регистриран во Агенцијата за медиуми.**

**За да ја избегне обврската за регистрација во Агенцијата,** медиумот треба да има **седиште и уредништво надвор од Македонија и да е** електронска верзија на печат која се издава, Интернет блог, форум, социјални мрежа, пребарувач и слично.

Значи, со ваква дефиниција веб страниците многу лесно ќе ја избегнат обврската за регистрација, бидејќи многу лесно ќе најдат уредник или уредништво со седиште во странство, или пак едноставно веб медиумите ќе се трансформираат во блогови. Одредбите за регистрација се во спротивност со правилата и духот кои важат за Интернет медиумите. На Интернет прво се ставаат содржините и откако ќе се зголеми посетеноста, се регистрираат како правни и физички лица и остваруваат приходи. Овие одредби ќе ги обесхрабрат сите млади луѓе кои имаат добри идеи за Интернет медиуми. Да постоеја вакви одредби во светски рамки, Интернетот не ќе беше толку развиен. Регулацијата на содржините на Интернет во последниве години е во фокусот на јавната дебата во многу земји и се уште преовладува ставот дека регулацијата на Интернетот претставува опасност од цензура, односно од ограничување на слободата на изразување. Иако одредбите во Нацрт-законот за медиуми, барем декларативно, не се однесуваат на регулирање на содржините, сепак, тие оставаат „сива зона на моќ", или зона на недефинирани односи, и многу лесно можат да доведат до ограничување на слободата на изразување преку Интернет.

Меѓу новинарската и експертската заедница, и порано и сега, преовладува ставот дека нема сериозни аргументи кое било прашање (обврска за регистрација, доставување и објавување податоци, усвојување внатрешни акти, избор на уредништво и слично) да се регулира со посебен медиумски закон, односно преовладува цврсто уверување дека оваа сфера треба да биде предмет на саморегулација. Ова, денес уште повеќе важи и за информативните медиуми кои објавуваат содржини на Интернет.

**Освен обврската за регистрација, предвидена е и глоба за Интернет и печатените медиуми. Сметаме дека глобите треба да се однесуваат само за радиодифузерите, бидејќи тие добиваат лиценци од Агенцијата.**

Одредбите од Глава I.1 на законот се однесуваат на ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ И РАЗНОВИДНОСТА НА МЕДИУМИТЕ, треба да се однесуваат исклучиво на радиодифузерите. Исто така, не е јасно како Агенцијата ќе го утврди тајниот содружник или недозволена пазарна концентрација. За ова е потребно постапка од специјализирана служба или ќе треба да се утврди преку судска постапка .

Во Македонија, денес, постојат доволен број легални и демократски инструменти да се спречи нелојалната конкуренцијата или да се уредат односите во бизнисот, на пример, преку Законот за конкуренција или преку Законот за авторски права.

Исто така, постојниот Централен регистар го евидентира востановувањето на сите правни субјекти и собира податоци за нивната правна поставеност и извори на финансирање, без оглед дали се стопански или нестопански и без оглед во која стопанска или нестопанска дејност се активни. Според тоа, со одредени подобрувања во законските акти со кои се регулираат овие области, може да се остварат целите што предлагачот на законот сака да ги постигне со предложените решенија за печатените медиуми и електронските публикации на Интернет.

## Спорен концепт на Агенцијата за медиуми

**Понудениот концепт за регулаторот (Агенција за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги), во понатамошниот текст Агенцијата, во Нацрт-законот е во спротивност со препораките на Советот на Европа, бидејќи истиот наметнува политичка зависност на телото. Нема решение за одржливо финансирање на Агенцијата, затоа што се проширува опфатот на нивната надлежност, а не е предвидено зголемување на приходите. Спорна е преголемата концентрација на моќ во рацете на директорот на Агенцијата**.

Во Препораката[1] REC (2000) 23 на Советот на Европа за независноста и функционирањето на регулаторните тела за радиодифузниот сектор во член 4 се вели дека потребно е да се утврдат специфични правила со цел регулаторот да не биде изложен на политичко влијание. Слична препорака до членките на Советот на Европа е наведена и во Декларација[2] на Комитетот на министри за независноста и функционирањето на регулаторните власти за радиодифузниот сектор, усвоена од Комитетот на министри на 26 март 2008 на стр 3, во која се вели дека државата треба да ги отстрани сите ризици од политичко и економско влијание на властите во работата на регулаторот.
Иако препораките во однос на политичката независност од Советот на Европа се јасни, во Нацрт-законот во членот 40, шест од седум претставници на Советот при Агенцијата се предложени од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија која предлага три члена на Советот, и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија предлага три члена на Советот, а само еден член предлага мнозинското здружение на новинарите. Ваквиот состав на Советот на Агенцијата е високо политизиран, затоа што од седум члена, шест предлагаат институции под контролата на политиката, Собранието на РМ и ЗЕЛС, кое е здружение на општините на локалната самоуправа претставено од градоначалниците. Политичкото влијание на регулаторот е нотирано и во Извештајот[3] за напредокот на РМ од Европската унија за 2012 година каде што се вели: *„Советот за радиодифузија ги зголеми своите*

[1] http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec(2000)023&expmem_EN.asp
[2] https://wcd.coe.int/ViewDoc.jsp?id=1266737&Site=CM
[3] Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012, поглавје 10: Информатичко општество и медиуми, стр.46
http://www.sea.gov.mk/content/Dokumenti/MK/PR2012_MK3(2).pdf

*активности за следење на транспаретноста на својата работа, но проблемите околу неговата независност остануваат“.*

**Надлежностите на Агенцијата се прешироки затоа што, освен радиодифузерите, под своја надлежност ги има печатените и Интернет медиумите. Таквата пракса не може да се смета како европски стандард.** Печатените и Интернет медиумите, следејќи ја добрата европска пракса, потребно е да се предмет на медиумска саморегулација на која тековно работи ЗНМ заедно со Македонскиот институт на медиуми и со претставниците на медиумите. Затоа Агенцијата не треба да има никаква надлежност врз процесот на саморегулација. Саморегулаторните тела одговараат само пред судот на јавноста, а не пред регулатор.

**Треба да се напушти концентрацијата на надлежности во рацете на една личност – Директорот**, односно да се напушти концептот регулаторното тело да биде агенција која има два органи со паралелни надлежности: директор и Совет. Сметаме дека треба да се задржи сегашното решение во законот во кое е предвидено да има Совет и од редот на советниците се избира претседател. Оттука, колективното тело - Советот, не само што треба да ја има клучната улога во создавањето на политиката, туку треба да ги има клучните работно-одлучувачки задачи, а стручната служба, сосема природно ќе биде ангажирана на извршување на овие задачи. Членовите на Советот не смеат да имаат маргинализирано-советодавна улога, туку својата стручност и одговорност треба да ја потврдуваат во секојдневната работа на регулаторното тело. Колективен орган ќе биде поотпорен на надворешни притисоци отколку директорот. Освен тоа, ова решение ја минимизира можноста од злоупотреби, бидејќи одлуките ќе зависат од колективен орган, а не од волјата не еден човек.

**Законското решение не нуди одржливо финансирање на регуалторното тело.** Зголемувањето на надлежностите и обврските значи зголемени расходи, а законот не нуди стабилни извори на финансирање. Дополнително, како извори на финансирање не смее да се предвидуваат дотации или какви било спонзорства од националниот буџет или пак од корпоративниот сектор, бидејќи со тоа се отвора можност регулаторот да е изложен на надворешни фактори кои би влијаеле на неговата независност.

Составот и должината на мандатот на членовите на Советот при Агенцијата се проблематични и се несоодветни за овој тип регулаторни тела. Овој дел од законот е во спротивност со европските стандарди кои се однесуваат на работата на регулаторните тела од Советот на Европа. Сметаме дека треба да се задржи **степенестиот мандат на членовите на Советот како што беше во прවиот состав на СРД.** Потребно е мандатот на членовите на Советот да изнесува 6 години, без право на повторен избор, а Советот да избира нов претседател на секои две години.

Членови на Советот на Агенцијата не смеат да бидат не само актуелните носители на јавни функции и актуелните раководители на органи на политички партии и верски заедници, туку и лица кои овие функции ги извршувале во изминатите 5 години.

**Транспарентноста на регулаторот не се обезбедува.** Седниците на Советот не се јавни, а постои само обврска Агенцијата да организира најмалку два пати годишно состаноци со заинтересираните страни. Предлагаме да се задржи постојното решение (чл.33 од Законот за радиодифузна дејност) кое обезбедува јавност на седниците на Советот и објавување на сите работни документи.

**Законот не обезбедува отчетност во работата на Агенцијата.** До сега Советот имаше обврска да достави до Собранието извештај за работата спроведен од Државниот завод за ревизија и да порача ревизија од надворешен независен ревизор. Во новото решение се предвидува една од тие можности. Следејќи ја досегашната практика со извештаите на СРД, потребно е тие да бидат разгледани на пленарна седница и заклучоците да се обврзувачки за регулаторот.

Дополнителен ризик претставува и можноста Агенцијата да донесува и подзаконски акти со кои ќе ја уредува и постапката за доделување, одземање или продолжување на дозвола за телевизиско или радиоемитување, начинот и постапката на водење на регистрите утврдени со овој закон и други одредби од значење за работењето на Агенцијата.
За да се избегнат евентуалните злоупотреби, сметаме дека во Нацрт-законот треба таксативно да се набројат прашањата кои можат да се уредат со подзаконски акти. Сегашните решенија за ова прашање за СРД се добри и треба да бидат вградени во Нацрт-законот.

## Нема решенија за проблемите на МРТ

**Работата на јавниот сервис**, Македонската радио-телевизија, поради специфичната улога што ја има во едно демократско општество, треба да се регулира со посебен закон. Основната мисија на МРТ е преку разновидни и квалитетни медиумски содржини да го промовира општиот интерес, како што се социјалниот напредок, развојот на демократската јавна свест, меѓукултурното разбирање и општествената интеграција. Тој треба да биде независен од политички или економски интереси и преку постигнување на високи уредувачки стандарди на непристрасност, објективност и праведност да биде важен јавен извор на непристрасни информации и различни политички мислења. Ваквата улога на јавниот сервис е уште поистакната како противтежа на ризикот од злоупотреба на моќ во ситуација на прекумерна концентрација на медиуми, услуги и платформи. Поради ваквата мисија и улога на јавниот сервис, стандардите што треба да се



воспостават за МРТ не можат да се имплементираат и за другите приватни радиодифузни медиуми. Работата на јавниот сервис да се регулира со посебен закон е најчеста пракса во земјите-членки на Европската унија. Со тој закон изворно и сеопфатно ќе се регулира работата на Македонската радио-телевизија, вклучително и Македонската радиодифузија. Дигитализацијата во радиодифузијата, пред МРТ не само што отвора нови можности, туку поставува и нови задачи. Токму затоа од суштинско значење е јавниот дигитализиран радиодифузен сервис од аспект на законската регулатива да биде соодветно востановен.

Предложениот законски текст не ги надминува недостатоците на постојната регулатива, воочени уште во експертизата изработена од Европската комисија и Советот на Европа, особено во делот за органите на МРТ.
Воедно, сите анализи и набљудувачки извештаи, како и годишните извештаи поднесувани до Собранието на Република Македонија од страна на МРТ, недвосмислено укажуваат на два основни проблема. Прво, отсуствува независна уредувачка политика, која е под влијание од владејачките партии. Второ, без институционална независност јавниот сервис не може да работи ефективно и не може да му служи на јавниот интерес.

Освен тоа, нема предвидено ниту одржливо финансирање. МРТ и властите не успеаја досега да обезбедат соодветни услови за оптимално собирање на радиодифузната такса. Во законот мора да се предложи ефикасен начин за наплата на таксата, која мора да биде реална, да може да се собере со цел да обезбеди оптимална работа на МРТ.
Јавниот сервис мора да има доволно средства за да ја исполни мисијата и улогата доверена со закон. Начинот не финансирање не смее да ја загрози институционалната автономија и уредувачката политика. Загрижува фактот што досега нема анализа колку средства се потребни за да може јавниот сервис да одговори на сите законски обврски. Треба точно да се дефинира бројот на програмски сервиси, за да не се случи во иднина да се отворат нови сервиси без при тоа да се обезбедуваат потребните средства.

Нацрт-законот во делот кој се однесува на МРТ, не е во согласност со стандардите за управување со јавните медиумски сервиси воспоставени од Советот на Европа. Решенијата во текстот на Нацрт-законот не нудат нови можности како да се обезбеди одржливо финансирање, без кое не може да се има институционална автономија на МРТ.

Предложената структура на Програмскиот совет на МРТ ризикува да биде тешко политизирана и е во спротивност со Декларацијата на Комитетот на министри за управување со медиуми од јавен сервис, усвоена од страна на Комитетот на

министри на 15 февруари 2012 година, на 1134-от состанок на заменици- министри, како и со Препораката на Комитетот на министри од земјите-членки за управување со медиуми од јавен сервис, усвоена од страна на Комитетот на министри на 15 февруари 2012 година, на 1134-от состанок на заменици- министри.

Во законот мора да се дефинира под кој начин Владата може бесплатно да огласува во јавниот сервис. Мора да се дефинира што е кампања од јавен интерес, за да се спречи можноста јавниот сервис да биде огласник за прикриено партиско рекламирање.

За да се зголеми ефикасноста во работата преку одговорно располагање со ресурсите и капацитетите, потребно е да се зголеми надзорот врз работата на органите на МТВ.

# КОНКРЕТНИ ЗАБЕЛЕШКИ

1. Насловот на законот треба да гласи: *„Закон за аудиовизуелни медиумски услуги“*. Образложение: Сметаме дека печатените и Интернет медиумите не треба да бидат опфатени со овој закон, бидејќи не постојат други земји кои се обидуваат да пропишат единствен регулаторен режим за радиодифузните, печатените и Интернет медиумите. Овие три форми на медиуми имаат многу различни карактеристики и широко е прифатено дека за нив треба да се применуваат различни стандарди.[4]
2. Член 1 - Предмет на законот, се менува и гласи: Со овој Закон се уредуваат правата, обврските и одговорноста на радиодифузерите давателите на аудиовизуелните медиумски услуги и обезбедувачите на програмски пакети.
3. Член 2, точката 6 се брише. Образложение: Професионалните и етичките стандарди во професијата не можат да се унапредат со закон. Ниското ниво на професионалните стандарди и етика во медиумите е последица од неповолниот амбиент во кој работат медиумите, а не од отсуство на регулатива.
4. Член 3, став 1, 3, 4, 5 се бришат. Образложение: Сметаме дека опфатот на законот треба да ги регулира само аудиовизуелните услуги. Дефиницијата за новинар во став 5 сметаме дека е непотребна, затоа што преку оваа дефиниција посредно се прави обид да се лиценцира новинарската професија. Меѓународната федерација на новинари каде што ЗНМ е член,

[4] Анализа на Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни услуги, мај 2013 година, изработена од британскиот експерт Петер Норландер, стр. 3. Точка 5 http://www.znm.org.mk/drupal-7.7/sites/default/files/Pregled%20na%20clenovi%20i%20analiza%20april%202013%20finalna%20verzija%20DEF_0.pdf

категорично се противи на лиценцирање на новинарите. Ставот 45 од истиот член е претесно дефиниран, потребно е да се прошири во согласност со дефиницијата која е дадена во Законот за семејство.

5. Насловот на глава I се менува и гласи: Општи и заеднички начела и принципи за радиодифузери. Образложението е исто како и во претходните членови,
6. Член 4-Слобода на изразување и слобода на медиуми, став 1-10 се бришат. Предлагаме текстот од овој член да се замени со следната формулација: Слободата на изразувањето се гарантира согласно Уставот на РМ и Европската конвенција за човекови права. Образложение: Слободата на изразувањето е правило, а ограничувањето е исклучок. Пресудите од Европскиот суд за слободи и човекови права во Стразбур недвосмислено и јасно ги утврдуваат условите под кои може да се ограничи слободата на изразувањето.
7. Член 5-Начела, се менува и се однесува само на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги. Образложението е исто како и за претходните членови.
8. Член 6 се брише. Образложение: Ваквата одредба треба да биде предмет на регулирање во друг закон.
9. Член 7 се брише. Образложение: Ова е предмет на Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.
10. Член 8 став 1 се менува и гласи: Давател на аудиовизуелна медиумска услуга мора да именува одговорен уредник. Став 2 се менува и гласи: Пред именувањето или разрешувањето на одговорниот уредник, МРТ е должна да побара мислење од уредништвото доколку со актот од членот 10 став (1) на овој закон не е поинаку одредено. Уредништвото е должно мислењето да го достави во рок од пет дена од денот на приемот на барањето. Образложение: Сметаме дека со ова ќе се придонесе за поголема уредувачка независност на јавниот сервис, а истата обврска не може да се наметне на приватните радиодифузери. Став 3 се менува и гласи: Одговорниот уредник е одговорен за секоја објавена информација од радиодифузерот, согласно овој закон. Став 5 се брише. Образложение: Печатените медиуми не треба да се регулираат со овој закон.
11. Член 9 се менува и гласи: Уредништвото во медиум се состои од одговорен уредник и уредници, а може да вклучува и други програмски соработници. Доколку радиодифузерот нема уредници, тогаш одговорниот уредник самиот ја врши функцијата на уредништво. Образложение: Внатрешните односи во редакциите на печатените и Интернет медиумите не треба да се дел од овој закон. Ова прашање се решава преку саморегулација.
12. Обврските кои произлегуваат од членот 10 треба да се однесуваат само за МРТ. Образложение: МРТ има законска обврска да биде пример за

почитување на највисоки професионални стандарди, став 6 се брише. Образложение: Саморегулацијата не може да се наметне со закон.

13. Член 14 потребно е да се измени согласно Препораката[5] на Комитетот на министри на Советот на Европа бр. R (2000) 7 за правото на новинарите да не ги откриваат изворите на информации.
14. Член 15 се брише. Образложение: Саморегулацијата не може да се наметне со закон, Советот за етика не дава отчет пред регулаторно тело, туку пред јавноста.
15. Член 16 се менува на начин што обврската за импресум и останатите барања се однесуваат исклучиво на радиодифузерите. Образложение: Печатените и Интернет медиумите не треба да се дел од овој закон. Ова прашање се решава преку саморегулација.
16. Член 17 се менува поради тоа што ваква обврска треба да имаат исклучиво радиодифузерите. Образложение: Радиодифузерите се носители на лиценци издадени од регулаторот и затоа регулаторот има право да бара јавност во нивната работа. Јавност во сопственичката структура во печатените и Интернет медиумите може да се обезбеди преку други закони.
17. Целата глава I.1: Заштита на плурализмот и разновидноста на медиумите, член 18-28 треба да се однесуваат само на радиодифузерите. За печатените и Интернет медиумите се применува Законот за заштита на конкуренција. Образложение: Единствен регулаторен режим и во овој сегмент не може да постои за сите видови медиуми, поради различните карактеристики.
18. Член 29 - Правото на исправка и одговор на објавена информација и право на надомест на штета треба да се регулира согласно Европската директива за аудиовизуелни услуги, а не да се повикува на друг закон. Образложение: Ова е пример како во Нацрт-законот доследно не се имплементира оваа директива.
19. Член 30 се менува и гласи: Совет за аудиовизуелни медиумски услуги, став 1 се менува и гласи: Надлежен орган за работите што се предмет на овој закон е Советот за аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Совет). Образложение: Регулаторот ги опфаќа само радиодифузерите, а печатените и Интернет медиумите ќе бидат предмет на саморегулација под надлежност на Советот за етика[6]. Ставот 2 се менува и гласи: Советот е самостојно и независно непрофитно регулаторно тело и има статус на правно лице со јавни овластувања. Образложение: Наместо Агенција останува Совет, бидејќи на тој начин се обезбедува самостојност и

---

[5] http://www.coe.int/t/dghl/standardsetting/media/doc/cm/rec(2000)007&expmem_EN.asp

[6] Совет за етика во медиумите е независно саморегулаторно тело составено од новинари, сопственици и претставници на јавноста

независност на регулаторот. Затоа предлагаме да се задржат сегашните одредби од постојниот Закон за радиодифузија кои го уредуваат правниот статус на СРД, како и да се земат предвид последните измени од Законот од 16.5.2013 година, со кои беше воведена дигитализацијата. Ставот 7 се менува и гласи: Советот се финансира од средства остварени од приходите од надоместоците предвидени со овој закон, заеми и друга техничка помош. Образложение: Овие измени се во функција на јакнење на независноста на Советот.

20. Истите забелешки се однесуваат како и во точка 3.

(1) Член 32 став 1 се менува и гласи: Советот во согласност со овој закон се грижи за обезбедување на слободата на изразување и слободата на радиодифузерите; ставот 2 се брише. Образложение: Регулаторот ги опфаќа само радиодифузерите, а печатените и Интернет медиумите ќе бидат предмет на саморегулација под надлежност на Советот за етика. Предупредуваме дека доколку Нацрт-законот предвидува какви било правила за корегулација или саморегулација во медиумите, тоа ќе биде во спротивност со европската пракса, но и со концептот на саморегулација што го води ЗНМ со останатата медиумска заедница, процес кој, исто така, е заклучок од дијалогот помеѓу ЗНМ и Владата на РМ, како и насока предвидена и во Патоказот[7]:*„Одржување на состанок на Работната група за медиуми со цел дискутирање за зајакнувањето на етиката и професионалните стандарди во новинарството, вклучувајќи ја и можноста за основање саморегулаторен механизам“.* Следствено на ова, сите членови каде што се споменува медиумска корегулација и саморегулација потребно е да се избришат, бидејќи саморегулацијата не е пракса да биде дел од национална легислатива.

21. Член 34 став 3 точка 4 се менува и гласи: Ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија и од независен ревизор, како и став на Советот во однос на резултатите од извршената ревизија. Образложение: Со независен ревизорски извештај се обезбедува поголема транспарентност и отчетност во работата. Во став 3 се додава нова точка 5 која гласи: Сите извештаи на Советот се доставуваат до Собранието на РМ. Прво разгледување е на работните тела, а потоа на пленарна седница со тоа што Собранието може да ги врати извештаите со евентуални утврдени неправилности по што Советот е должен да ги вгради и да достави нов извештај. Во став 3 се додава нова точка 6 која гласи: Советот е должен секоја година јавно да го објавува

[7] ПАТОКАЗ за реализација на приоритетните цели за 2012 година усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво http://www.sobranie.mk/WBStorage/Files/PatokazMK.pdf

својот буџет. Образложение: Овие промени се во функција на поголема транспарентност и отчетност.

22. Член 35 став 2 се менува во насока на зголемување на бројот на јавните состаноци на Советот, најмалку 4 пати годишно да организира годишни состаноци. Образложение: Овие промени се во функција на поголема транспарентност и отчетност.
23. Член 37 се менува и гласи: 1. Органи на Советот се: Совет и претседател на Советот. 2. Советот е составен од седум членови кои се во редовен работен однос од кои се избира и претседател на Советот. Образложение: Како што појаснивме и во точка 19 од овие забелешки предлагаме да се задржат сегашните одредби од постојниот Закон за радиодифузија кои го уредуваат правниот статус на СРД, како и да се земат предвид последните измени од Законот од 16.5.2013 година.
24. Член 38 став 1 се менува и гласи: Советот е составен од седум члена. Став 3 точка 1 се менува и гласи: Членовите на Советот се во редовен работен однос, а висината на месечната плата е со коефициент 3. Став 3 точка 2 и 3 се бришат. Став 4 се брише. Образложение: Овој дел потребно е да се предвиди во согласност со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ.
25. Член 39 став 1 се менува и гласи: (1) Седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот по сопствена иницијатива , а во случај на негово отсуство или спреченост по иницијатива на заменик-претседателот на Советот. Претседателот на Советот е должен да свика седница на Советот по писмен предлог на три члена на Советот најдоцна во рок од три дена од денот на приемот на предлогот. Седниците на Советот се јавни. Образложение: Седниците на Советот потребно е да се јавни во функција на транспарентноста на работата.
26. Член 40 став 2 се менува и гласи: (2) Овластени предлагачи на членови на Советот се:
    - Мнозинското здружение на новинарите на Македонија предлага двајца членови на Советот
    - Комората на адвокати на Македонија предлага еден член на Советот
    - Универзитетската конференција на Македонија предлага еден член на Советот
    - Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија предлага еден член на Советот
    - Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на Република Македонија предлага двајца членови на Советот. Образложение: Оваа промена е нужна со цел надминување на забелешките на работата на СРД, како и заради овозможување на

соодветна имплементација на европските пракси и препораки на Советот на Европа.

27. Член 41 став 1 се менува и гласи: Членовите на Советот се именуваат за време од шест години. Образложение: Според европската практика и стандарди потребно е должината на мандатот на членовите да биде најмногу 6 години, за да не се совпаѓаат со мандатот на Владата.
28. Член 42 став 2 се менува и гласи:
    - Лице кое во моментот се наоѓа на функција именувано, односно избрано од страна на Владата на РМ или Собранието на РМ.
    - Лице кое 4 години пред изборот извршувало функција пратеник или било на функција именувано, односно избрано од страна на Владата на РМ или Собранието на РМ.
    - Лице кое 4 години пред изборот извршувало должност во органи на политичка партија, лице кое е сопственик на удели или акции, член на орган на управување или лице кое на директен или индиректен начин има интерес во правно лице кое се занимава со аудио и аудиовизуелни услуги или во друштво кое врши слична дејност (рекламирање, електронски комуникации, производство и продажба на аудио и аудиовизуелни технички стоки и слично), а се однесуваат на медиумски услуги и електронски комуникациски оператори.
    - Лице чии членови на семејството, брачен другар или невенчан партнер имаат удели или акции или се членови на органи на управување во радиодифузери и
    - Лице кое е правосилно осудено на казна затвор подолга од шест месеци и ако му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност, подолго од шест месеци. Образложение: Со овие ограничувања се намалува можноста за политичко влијание во Советот.
29. Во член 44 став 1 точка 16 и 17 се бришат. Образложение: Директорот не постои во концептот кој погоре го образложивме и кој е предвиден со постојниот Закон за радиодифузија.
30. Член 45 се брише. Образложение: Исто како и во член точката 29 од овие забелешки.
31. Членот 46 се менува и гласи: Надлежност на претседателот на Советот:
    - го застапува и претставува Советот;
    - потпишува договори во име на Советот;
    - ги предлага општите акти за работа на Советот;
    - го предлага Деловникот за работа на Советот, Годишниот извештај за работа и Годишната програма за работа на Агенцијата;
    - го предлага Годишниот план за вршење програмски надзор и Методологијата за вршење програмски надзор;

- донесува решенија за прашања од надлежност на Советот;
- издава потврди за регистрација утврдени со овој закон;
- предлага мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите;
- предлага мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија;
- ги предлага одлуките од надлежност на Советот;
- ги предлага подзаконските акти што се од надлежност на Советот;
- предлага листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија;
- дава овластувања на други лица во рамките на своите надлежности;
- одлучува за вработувања и распоредување на вработените во стручната служба на Советот и
- врши и други работи утврдени со овој закон и Деловникот за работа на Советот.

(2) Претседателот е должен на Советот да му доставува квартални извештаи за спроведување на Годишната програма за работа на Агенцијата.

(3) Мандатот на претседателот е 3 години.

(4) Постапката за именување избор на претседател мора да започне три месеца пред завршувањето на мандатот на претседателот на Советот. Ако постапката не е завршена продолжува да ја врши функцијата до избор на нов претседател, но не повеќе од три месеци.

32. Член 47 се менува и гласи:

Член 47 Разрешување на претседателот.

(1) Претседателот на Советот може да биде разрешен од Советот само во следниве случаи:

а) на негово барање;

б) во случај на спреченост за вршење на функцијата поради болест подолго од шест месеци;

в) прифаќање на функција или работа што се неспоиви со неговата функција;

г) ако е осуден за кривично дело за кое му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци или му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија, дејност или должност, во траење подолго од шест месеци;

д) повреда на одредбите на овој закон или на прописите врз основа на него што може да се утврди од Годишниот извештај за работа на Советот или

ѓ) Злоупотреба на функцијата според ревизорскиот Извештај од член 34 на овој закон.

(2) Одлуката за разрешување на претседателот, покрај другото, треба да ги содржи причините за неговото разрешување, детално образложени и истата се објавува на веб страницата на Советот во рок од седум дена од денот на нејзиното донесување.

(3) Ако претседателот е разрешен, а постапката за избор на претседател не е завршена, функцијата претседател ќе ја врши потпретседателот на Советот за период не подолг од три месеци.

33. Член 49 став 2 се менува и гласи: (2) Преземените мерки од став (1) на овој член со детално образложение, Советот ги објавува на својата веб страница во рок од три дена од преземената мерка, кои потоа подлежат на судска заштита.
34. Член 50 став 4 се преместува на местото на став 1.
35. Членовите 52-54, кои се однесуваат на регулација на печатените и Интернет медиумите се бришат. Образложение: Ова подглавје поставува стандарди и барања кои се подложни на злоупотреби од Агенцијата или пак можат да се игнорираат. Регулацијата на печатените и Интернет медиумите не може да се прифати во време кога слободата на изразувањето има тренд на опаѓање. Освен тоа, не постојат други земји кои се обидуваат да пропишат единствен регулаторен режим за радиодифузните, печатените и Интернет медиумите. Овие три форми на медиуми имаат многу различни карактеристики и широко е прифатено дека за нив треба да се применуваат различни стандарди. Исто така, една Агенција составена од мал број членови не може да ја поседува сета експертиза и искуство потребно за да се води регулацијата и јавната политика за сите медиуми.
36. Во член 65 (спонзорство) недостига одредбата од член 3ѓ, точка 1, став (а) од Директивата, според која спонзорот не смее да влијае врз уредувачката политика на аудиовизуелниот медиумски сервис: „Нивната содржина и, во случајот со телевизиското емитување, нивниот распоред, во никакви околности не смее да биде под такво влијание врз одговорноста и уредничката независност на понудувачот на медиумскиот сервис“.
37. Во член 118 се додава нов став: *„Новинарите на МРТ немаат статус на јавен службеник“.* Образложение: Ова е нужно, бидејќи новинарите во јавниот сервис нема да можат критички да ја опсервираат работата на Министерството за информатичко општество и администрација ако се потчинети и одговараат за нивната работа директно пред министерот. Ова

решение остава широка можност за злоупотреба и арбитрарни дисциплински постапки против новинари.

38. Во член 119 се додава нов став 1 (а) со кој ќе се појасни дека буџетот на МТВ секоја календарска година се формира од два индикатора, процентот на наплата на радиодифузната такса во претходната година и преостанатиот дел од средствата потребни за финансирање на МТВ се обезбедува од буџетот на РМ како посебна ставка дефинирана за финансирање на јавниот сервис. Овие средства се делат на 12 еднакви рати и се слеваат по автоматизам на сметката на МТВ најдоцна до 5-ти во месецот. Образложение: Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги не нуди јасен одговор како ќе се обезбеди стабилно и независно финансирање на јавниот сервис. Ако преовладува ставот дека главен извор на финансирање треба да биде радиодифузната такса, тогаш потребно е да се предвидат механизми со кои ќе се гарантира целосна наплата на истата. Во случај да се повтори сегашната пракса со низок процент на наплата на таксата, МРТВ ќе продолжи да биде финансиски зависна од извршната власт. Оваа варијанта се предлага со цел да се поттикне системот на наплата на таксата. Недозволиво е под превезот на санациона програма Владата со години да одвојува огромни средства за сервисот, при што најголемиот дел од парите се трошат за плати наместо за програмска содржина. Во ситуација кога јавниот сервис се финансира директно од јавни пари, тогаш потребно е да го отстапи комерцијалното рекламирање на приватните медиуми.
39. Во членот 120 потребно е да се додаде нов став 5 (а), со кој ќе се создаде обврска на МРТ да побара секоја година ревизија на финансиското работење од независен ревизор. Образложение: Ова го налагаат европските стандарди според кои јавниот сервис треба да биде воден од принципот на транспарентност и отчетност за да се обезбеди мисијата и улогата на сервисот.
40. Во член 121 ставот 6 се брише. Собранискиот канал треба да биде под надлежност на Собранието на РМ како што е дефинирано во Законот за Собрание. Тоа значи дека за финансирањето на каналот и за уредувачката политика ќе биде одговорно Собранието, како што е случај и во други земји во Европа ( на пример, Франција). Образложение: Ако Собранискиот канал остане во рамките на МТВ ќе продолжи праксата на дуализам во управувањето, а од друга страна, каналот ќе биде третиран нерамноправно од јавниот сервис. Со дигитализацијата ќе биде полесно да се дислоцира опремата, а со проширувањето на собраниската зграда може да се создадат подобри услови за работа на новинарите. Собранискиот канал може да се поврзе и со Институтот со цел да организират стручни дебати за разни законски проекти.  Во Законот за Собрание треба да се уредат односите меѓу

Собранието и Собранискиот канал, да ги одреди органите на управување, како и начините со кои ќе се гарантира уредувачка независност. Да ги утврди програмските должности на Собранискиот канал, како и буџетот потребен за таквото производство. Да ја утврди постапката според која ќе се врши избор на пренесувач на програмата.

41. Од членот 123 ставот 7 се брише. Образложение: Исто како и кај членот 121.
42. Во член 131 предлагаме промена на предлагачите и на бројот на предложените членови во Програмскиот совет на МРТ. Од 13 членови на Советот по двајца членови треба да предлагаат Интеруниверзитетската конференција и мнозинското здружение на новинари, тројца Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ и по еден член треба да предлагаат Адвокатската комора, Стопанската комора, Заедницата на инвалидските организации, ЗЕЛС, Албанскиот и Турскиот театар. Освен општите услови што треба да ги исполни лицето за да биде предложен за член на Советот, тоа треба да има најмалку 10 години работно искуство. Образложение: Дека понуденото решение за структурата за именување во Програмскиот совет на МРТ ризикува да биде тешко политизирано. Од 13 членови на Советот, 8 се предлагаат од институции контролирани од политичките партии и тоа пет Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ и три Заедницата на единиците на локалната самоуправа. Ваквото решение е во спротивност со европските стандарди, кои инсистираат органите на јавниот сервис да бидат независни од какво било политичко влијание. Новиот текст го зајакнува политичкото влијание во Програмскиот совет на МРТВ. Ваквото решение го зголемува политичкото влијание на партиите во работата на МТВ. Со тоа државата не ја исполнува обврската да гарантира соодветна рамнотежа помеѓу независноста и одговорноста на медиумите на јавниот сервис. Образложение: Овој дел од законот, не само што е во спротивност со европските стандарди, Препораката и Декларацијата на Комитетот на министри за управување со медиуми од јавен сервис, усвоени од страна на Комитетот на министри на 15 февруари 2012 година, на 1134-от состанок на заменици-министри, туку е уште порестриктивен и од сегашното законско решение, Законот за радиодифузна дејност. Во постојниот Закон за радиодифузна дејност, мнозинство во Советот немаат политичките институции, туку образовните, културните и другите невладини организации. Ако не се ограничи политичкото влијание врз Советот не може да се очекува дека и уредувачката политика на јавниот сервис ќе биде независна. Со силно политичко влијание МРТ наместо јавен сервис на граѓаните, ќе биде сервис на владејачките партии. Овој факт е нотиран и во извештаите за прогрес на Македонија од Европската комисија и ОБСЕ за медиумското покривање на

локалните избори во 2013 година. Со предвидувањето на условот 10 години работно искуство ќе се исклучи можноста лица со мало работно искуство да одлучуваат за битни работи за функционирањето на јавниот сервис. Со тоа ќе се зголеми кадровскиот квалитет на членовите на Советот, а со тоа ќе се зголеми и квалитетот на одлуките.

43. Во членот 133 треба да се додаде нов став со кој член на Програмскиот совет на МРТ не може да биде лице кое во последните пет години извршувало јавна функција, раководело со орган на политичка партија или на верска заедница. Образложение: Со вакво решение ќе се намали можноста поранешни носители на политички функции и верски лидери да влезат во Советот и со тоа да го пренесат нивното политичко или верско убедување при одлучувањето.
44. Предлагаме од членот 139 ставот 5 да се промени. Годините на работно искуство, потребни за да биде избрано некое лице за член на Надзорниот одбор, од пет да се зголемат на 10 години. Образложение: Не може да се очекува дека лица со само пет години работно искуство од областа на финансиското и сметководственото работење ќе можат да ја извршуваат квалитетно задачата да го следат финансиското работење на јавниот сервис. Поголемо работно искуство значи и поголема гаранција дека Одборот ќе биде во можност да ги превенира евентуалните слабости и злоупотреби на финасиското работење во МТВ.
45. Во член 141 предлагаме да се додаде нов услов за неспоивост со функција. Лице кое во последните пет години извршувало јавна функција, раководело со орган на политичка партија или на верска заедница. Образложение: Со ова ќе се спречи можноста поранешни партиски кадри и верски лидери да влијаат врз работата на Надзорниот одбор на МТВ.
46. Членовите 160-163, кои пропишуваат разни казнени одредби. Дел од нив може да бидат контроверзни и треба да се преиспита нивната усогласеност со европските стандарди, пред се, водени од принципот на пропорционалност.

**Поради сето ова, ЗНМ смета дека МИОА треба да го повлече Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги. Наместо овој закон, Министерството на Владата треба да и предложи измени и дополнувања на Законот за радиодифузна дејност, со кои ќе се имплементира Европската директива за аудиовизуелни медиумски услуги. Во наредниот период да се отвори вистинска дебата за потребата за нова медиумска регулатива, со која ќе се дадат соодветни одговори на проблемите и предизвиците со кои се соочуваат медиумите и новинарите.**



# Процес на изработка на забелешките на Нацрт – законот:

Процесот на изготвување на забелешките на Нацрт-законот за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги објавен на 08.04.2013 година, ЗНМ го спроведе на инклузивен и транспарентен начин вклучувајќи го членството и останатите релевантни чинители.

## Овој процес беше имплементиран во неколку фази и тоа:

**Фаза I:** веднаш после објавување на законот на Единствениот национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР на 8ми април текстот на Нацрт-законот беше доставен на сите членови во базата на ЗНМ (активни и неактивни). Дел од членовите во базата на ЗНМ одговорија со конкретни забелешки по однос текстот на Нацрт-законот,

**Фаза II:** одржани се повеќе консултативни состаноци со членството, партнерски медиумски организации и медиумски експерти во Скопје. На состаноците разгледуван е текстот на Нацрт-законот и по спроведени дискусии констатирани се конкретни забелешки,

**Фаза III:** одржана е јавна дебата за членството на ЗНМ од Скопје во Велес во х.Романтик на 27 април 2013 година. На дебатата зедоа учество 70 новинари, медиумски експерти, сопственици на медиуми и останати релевантни претставници на медиумскиот сектор. Заклучоците од овој форум се дел од овие забелешки,

**Фаза IV:** одржана е дво-дневна јавна дебата на ЗНМ со претставници од шесте регионални центри од: Куманово, Тетово, Штип, Велес, Охрид, Битола и Струмица на која присуствуваа 80 учесници. Заклучоците од овој форум се дел од овие забелешки,

**Фаза V:** формирани се три работни групи кои детално го анализираа Нацрт-текстот на законот и истите доставија до ЗНМ конкретни забелешки и ставови. Трите групи работата ја фокусираа на три посебни делови на текстот на Нацрт – законот и тоа: група I: Општи одредби, печатени и интернет медиуми, група II: МРТВ и Агенцијата за медиуми и аудиовизуелни медиумски услуги, група група III: Директива за аудиовизуелни медиумски сервиси.